РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1025/7
01.07. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 28.05.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Правни студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС)„ на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип

1.Се акредитира студиската програма „Правни студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран правник / во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor of Law. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.05 Правни науки, Научно – истражувачка област: 5.05.00.01 Граѓанско материјално право, 5.05.00.02 Граѓанско процесно право, 5.05.00.03 Казнено материјално право, 5.05.00.04 Казнено процесно право, 5.05.00.05 Криминолигија, 5.05.00.06 Деловно право, 5.05.00.07 Трговско право, 5.05.00.08 Трудово право, 5.05.00.09 Финансово право, 5.05.00.10 Економска анлиза на правото, 5.05.00.11 Меѓународно јавно право, 5.05.00.12 Меѓународно приватно право, 5.05.00.13 Меѓународни односи и меѓународни организации, 5.05.00.14 Право на животна средина, 5.05.00.15 Право на Европска унија, 5.05.00.16 Теоретски правни науки 5.05.00.17. Право на информатичка технологија, 5.05.00.18 Уставно право, 5.05.00.19 Административно право, 5.05.00.20 Римско право, 5.05.00.21 Правна реторика и аргументација, 5.05.00.22 Историја на право, 5.05.00.23 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 140 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 0201-853/15 од 01.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Правни студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809 – 900/3 од 15.12.2025 година (наш бр. 08 - 1025/1 од 24.12.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 45-та седницата одржана на 30.12.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 1025/6 од 15.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 28.05.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков